РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-533/2
22-06-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 33-та седница одржана на 11.06.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-3125/1 од 01.12.2025 година, оформен по препратена пријава од страна на ----------------- ------- -- ------- против лицето -------- ----------------, инспектор во Дирекција за ---------------- - ---------------- -- ----, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај постапиле други надлежни органи и при своето надлежно постапување не констатирале повреда на закон.

Предметот со број 12-3125/1 од 01.12.2025 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на ----------------- ------- -- -------, на ден 01.12.2025 година, до ДКСК препратена е анонимна пријава со наводи против лицето -------- ----------------, инспектор во Дирекција за ---------------- - ---------------- -- ----, Подрачно одделение -----------, поради сомневање за негово противзаконско постапување, злоупотреба на службената положба и овластување, по што оформен е предмет број 12-3125/1 од 01.12.2025 година.
Во пријавата се изнесени сомневања дека предметниот инспектор за потребите на ---------------- - ---------------- „---- -----------“ --------- одржувал обуки за противпожарна заштита без обезбедени согласности и одобренија од соодветни државни институции. Дополнително, во доставеното известување е наведено дека пријавата била препратена на надлежно постапување и до Дирекцијата ---------------- - ---------------- -- ----.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во насока на утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК побара од Дирекцијата -------------- - --------------- -- ---- да се достави информација за тоа дали и како е постапено по однос на наводите во предметната пријава со достава на прилог документација. Воедно, ДКСК се обрати и до Државниот просветен инспекторат на РСМ и побара да постапи во рамките на своите законски надлежности и да спроведе надзор по однос на предметните наводи, како и да достави Записник/ Извештај од истиот со известување за евентуално дополнително преземени мерки од нивна надлежност.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и по разгледување на целокупната документација за предметниот случај констатирано е следното:

Дирекцијата за --------------- - --------------- -- ---- извести дека при постапувањето по наводите на доставената анонимна пријава од 18.11.2025 година била утврдена фактичка состојба и тоа:
По однос на поднесено барање со број 02-1372/2 од 22.05.2014 година на ---------------- --------------- - „---- -----------“ ---------, од страна на Дирекцијата за --------------- - ------------------ било издадено позитивно мислење за ангажирање на лицето ----------- ------------------ инспектор за заштита и спасување во -------- ------------ за потребите на предметниот Универзитет. Врз основа на издаденото позитивно мислење бил склучен Договор за ангажирање на лицето ---------- ---------- --------------- како обучувач и ----------------- ------------------ како нарачател. Во прилог на доставеното известување има и список односно евидентиран доказ за сите одржани обуки на кои предавал ангажираното лице ---------- -------------- и за кои се укажува дека истите биле во согласност со член 29 од Законот за заштита и спасување. Од наведеното како и од записникот на извршениот инспекциски надзор Дирекцијата има утврдено дека наводите од пријавата не се основани.

Државниот просветен инспекторат на РСМ, постапил по барањето на ДКСК и од страна на државен просветен инспектор бил извршен вонреден инспекциски надзор на ------------------- -- --------------- „------- ----------“ --------- на 15.01.2026 година по што бил составен Записник за извршениот инспекциски надзор со број ИП1 бр.31-13 од 20.01.2026 година.
При надзорот, било констатирано дека во статутот на ОЈУ за доживотно учење „----------- -------- ---“ ----------- во член 9 „ Дејност на Универзитетот“ во точка 2 „ Неформално образование на млади и возрасни лица“ во алинеја 3, било предвидено организирање на различни курсеви за стекнување на вештини на младите и возрасните лица за подобрување на квалитетот на работната сила за потребите на пазарот на трудот. За статутот на предметниот Универзитет во ---------- имал Решение за давање на согласност од Министерството за образование и наука број 18-5087/2 од 05.05.2022 година.
Дополнително, наведено е дека врз основа на оваа одредба биле организирани курсеви за обуки за ракувач на бензиски пумпи и обуки за заштита од пожари.

Просветниот инспектор констатирал дека по однос на поднесено барање со број 03-47/2 од 28.04.2014 година на ---------------- ---------------- „-------- -----------“ -----------, од страна на Дирекцијата за ------------- - ---------------- било издадено позитивно мислење за ангажирање на лицето ------- - ---------------- инспектор за заштита и спасување во ------- ----------- заради одржување на обуки за противпожарна заштита.

Имајќи го во предвид сети погоре констатирано, ДКСК утврди дека за случајот постапиле други надлежни органи кои при своето надлежно постапување не констатирале повреда на закон. Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: П.Б., Советник
Контролирал:Ј.Ц., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D. -член/anëtar

Доставено до: Подносителот на пријавата

